ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 21.10.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## По повод соопштенито од ПЗУ специјална болница по хируршки болести „Филип Втори" - Скопје

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја информира јавноста дека согласно договорот што го има случен со ФЗОМ , ПЗУ „Филип втори" е должен сите ***итни*** пациенти веднаш да ги прими и оперира, додека останатите пациенти треба да ги распредели според договорениот буџет со ФЗОМ. Дополнително сакаме да информираме дека од месец Јуни ФЗОМ чека на потпишување од страна на акад. Жан Митрев нов договор за кардио-васкуларни хируршки интервенции според ДСГ методологијата со кои се опфатени и буџетите за месеците ноември и декември 2010 година.

Поскорото потпишување на договорот од страна на акад. Жан Митрев значи прекинување на манипулација со пациентите и барање на писмени согласности од ФЗОМ за изведување на кардио-васкуларни хируршки интервенции.

Напоменуваме дека истиот тип на договор за кардио-васкуларни хируршки интервенции ФЗОМ го склучено со ПЗУ клиничка болница „Систина" – Скопје.

До на потпишувањеto на договорот од страна на акад.Жан Митрев осигурениците своето право за кардио-васкуларни хируршки интервенции можат да го остварат во ПЗУ клиничка болница „Систина".

Бранко Аџигогов
Портпарол